СПЕЦИФИЧНИ ДЕСКРИПТОРИ
согласно Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации
Студиска програма: **Германски јазик и книжевност – Наставна насока**
Циклус на квалификации: I циклус, 240 ЕКТС, VI А

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | Демонстрираат способност за усно и писмено изразување на германскиот јазик со висок степен на точност и флуентност; Покажуваат знаење и разбирање на различни јазични/граматички структури, форми и конструкции во германскиот јазик; Поседуваат теоретско и практично знаење како и разбирање на различните гранки на лингвистиката (фонетика, фонологија, морфологија, лексикологија, синтакса); Демонстрираат компетенции од областа на книжевната теорија за соодветен пристап кон различни литературни жанрови од различни периоди (класика, бидермаер, натурализам, Вајмарска Република и др.); Покажуваат теоретски и практични знаења од областа на усвојувањето на мајчиниот и германскиот јазик, планирање на наставата по германски јазик, организирање на наставен час по германски јазик како странски јазик, како и следење и оценување на напредокот на учениците. |
| Примена на знаењето и разбирањето | Демонстрираат комуникативна компетенција (писмена и усна) на германски јазик и правилна употреба на различни јазични/граматички структури, форми и конструкции на наставниот час по германски јазик и книжевност; Покажуваат способност за примена на знаењето од областа на германскојазичната лингвистика и книжевност во наставниот процес; Демонстрираат способност за жанровско препознавање и критичка анализа на различни литературни текстови, како и способност да се даде релевантно толкување (на литературно-теориско и јазично ниво) на теми што овие текстови ги поттикнуваат. Покажуваат способност за применување на специфичните законитости на наставниот процес, како и способност за планирање, анализирање и вреднување на наставната работа. |
| Способност за проценка | Демонстрираат способност за собирање, оценување и анализирање на информации поврзани со изведување на наставата по германски како странски јазик и нивна интерпретација и презентација; Донесуваат логички заклучоци во планирањето и изведувањето на наставата по германски јазик, водејќи сметка за личните, социјалните, научните и етичките аспекти; Поседуваат способност за анализирање и донесување соодветни заклучоци поврзани со училишното развојно планирање, како и реализирање и вреднување на педагошката работа во училиштето при изведување на наставата по германски јазик. Организирање и менаџирање разновидни активности: поставување цели за разновидни активности поврзани со наставата по германски јазик и книжевност и развивање процедури за нивно успешно реализирање. Презентација на достигнувањата од наставата по германски јазик и книжевност на наставниците, на студентите и на учениците. |
| Комуникациски вештини | Одржување настава по германски јазик и книжевност: примена на современи методологии, квалитетни материјали за подготовка и за одржување на настава. Планирање: креирање планови за развој на наставата по германски јазик и книжевност, за промовирање на овие дејности и на нивните носители и учесници. |
| Вештини на учење | Можат да комуницираат и поврзуваат идеи, проблеми и решенија од различни сегменти на наставниот процес; Поседуваат способност за негување заемен однос на наставникот со учениците, базиран на почит и разбирање; Иницираат форми на организирана соработка со родителите на учениците; Аргументирано образложуваат ставови пред стручна и нестручна јавност. Силни комуникациски вештини што се базираат на заемна почит, разбирање и соработка, одлично писмено и усно изразување во бараните комуникации |